Влада на Република Северна Македонија

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-034/2019

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ГРАД СКОПЈЕ -

Архивски број: 01 - 1535/1
Датум: 16.08.2021 година

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
## на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје

Август 2021 година
Скопје


Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
Ул. Никола Вапцаров бр.11 , Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3297-700
www.jumcsrskopje.gov.mk
jumcsrskopje@mtsp.gov .mk

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ГРАД СКОПЈЕ -


Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
Ул. Никола Вапцаров бр.11 , Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3297-700
www.jumcsrskopje.gov.mk
jumcsrskopje@mtsp.gov .mk

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ГРАД СКОПЈЕ -

**Вовед**

Согласно заклучокот на Владата на Република Северна Македонија од 50-та седница одржана на 02.03.2021 година сите органи на државната управа се задолжени да изготват годишен план за спречување корупција.

Корупцијата е забрането однесување кое ја загрозува демократијата и владеењето на правото. Тоа значи дека наместо да владее правото и неговите вредности, во државата во која има корупција владеат поединци кои се раководени од лични користољубиви цели. Корупцијата оневозможува остварување право на еднакви можности за успех во животот, како и еднаков натпревар на компании на пазарот на капитал и на услуги.

Под корупција, во смисла на Законот за спречување на корупцијата, се подразбира „искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг". Тоа значи злоупотреба на доверените јавни овластувања и положба за да се дојде до корист која не би требало да му припаѓа на службеното лице и кое на јавните работи им пристапува од користољубиви мотиви. Корста може да биде материјална или нематеријална, моментална или одложена, еднократна или повеќекратна, за себе или за други лица со кои службеното лице е во блиска, семејна или друг вид врска. Со оглед на карактерот на корупцијата како општествено штетна појава која постојано треба да се држи под контрола, основна стратешка цел во нејзината превенција и репресија е долгорочното оспособување и јакнење на нормативните, институционалните и личните капацитети за ефикасна практична борба против корупцијата.

Членот 5 од Конвенцијата против корупцијата на Обединетите нации (UNCAC) предвидува дека секоја држава/страна на Конвенцијата, во согласност со основните принципи на нејзиниот правен систем, подготвува, спроведува и следи координирани политики за ефикасна превенција на корупцијата. При подготвувањето на овие политики е неопходно учество на сите сегменти од општеството и целосно почитување на принципите на правната држава, доброто владеење на правото, интегритетот, транспарентноста, отчетноста и одговорноста. Со други зборови, ова значи дека секоја држава треба да креира превентивни антикорупциски стратешки документи.

Согласно со Законот за спречување на корупцијата, надлежно тело во Република Северна Македонија за изготвување и донесување на Државните програми за превенција и репресија на корупцијата и на судирот на интереси, е Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).

Современото општество како никогаш претходно вложува напори во откривање и санкционирање на оваа појава и минимизирање на факторите кои ја овозможуваат.

Свесни за деструктивноста на корупцијата и опасноста која ја претставува за стабилноста на државата, како и согласно Акцискиот план 21 на Владата на РСМ, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје борбата против ова општествено зло ја постави за еден од приоритетите во 2021 година.


Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
Ул. Никола Вапцаров бр.11 , Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3297-700
www.jumcsrskopje.gov.mk
jumcsrskopje@mtsp.gov .mk

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ГРАД СКОПЈЕ -

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје преку унапредување на нормативните и институционални капацитети, ќе настојува да воспостави, развива и применува ефикасни и функционални механизми со кои ќе се намалат ризиците од корупција.

Главен предизвик за ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје во 2021 година ќе биде ефикасно детектирање и идентификација на ризиците од корупција и соодветно санкционирање на сторителите. Раководната структура на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје ќе одговори на предизвикот да изнајде соодветен и ефикасен начин за справување со корупцијата во сопствените редови.

За реализирање на оваа цел неопходна е поддршката од заедницата и од раководниот кадар во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје кои ќе промовираат висок степен на интегритет и нулта толеранција на корупција но и од сите вработени кои активно ќе се спротивставаат на корупцијата.

Поаѓајќи од јасно изразената волја за справување со корупцијата на државно ниво но и во сопствените редови, директорот во име на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје за 2021 година, го донесува:

## ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Годишниот план на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје има за цел да воспостави систем на мерки кои ќе овозможат справување со корупцијата и идентификување на причините, условите и факторите кои ја овозможуваат.

Посебен акцент во справувањето со корупцијата во 2021 година ќе биде ставен на унапредување на професионалноста на вработените од кои се очекува при извршувањето на задачите од овластувањата да применат соодветни знаења и вештини, етички капацитет, решителност и чесност и да работат во полза на јавниот интерес и на зголемување на довербата на јавноста.

Обврска на сите вработени во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје е при извршување на работните задачи да постапуваат согласно законите и другите подзаконски акти. Потребно е секој вработен да го почитува Етичкиот кодекс на однесување, да манифестира висок степен на интегритет во работењето, да знае да ги препознае облиците на корупција и да поседува способност да се спротивстави на корупцијата.

Никој не смее да биде исклучок при утврдување на одговорноста за коруптивно однесување, како што никој нема мандат да го попречува, ограничува или на кој било начин да го оневозможува процесот на утврдување одговорноста.

Формите на корупција во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје се препознаваат преку:

- постапување или непостапување на вработените при извршување на службените задачи за што како возврат бараат или прифаќаат некаква корист, погодност или интерес за себе или за друг;
- непочитување на стандардните постапки и процедури;


Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
Ул. Никола Вапцаров бр.11 , Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3297-700
www.jumcsrskopje.gov.mk
jumcsrskopje@mtsp.gov .mk

- злоупотреба на службената положба и овластувања заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална или нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес за себе или за друг.

Главните облици на корупција се манифестираат преку: злоупотреба на службена положба и овластување и тоа преку примање поткуп, изнуда, злоупотреба на службените возила, прифаќање на подароци и услуги, свесно губење на докази, подметнување на докази, наплата за услуги кои согласно законот се бесплатни, вработување и унапредување спротивно на закон и др.

Искуствата покажуваат дека работните места во Службите за права и услуги во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје поради специфичната проблематика која ја покриваат се издвојуваат како работни места подложни на корупција.

Репресивниот пристап и јасната порака дека корупцијата нема да остане несанкционирана, претставуваат висок приоритет на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје за 2021, со цел превенција и спречување на било какво коруптивно однесување на вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.

Во рамки на превенцијата фокусот ќе биде насочен кон елиминирање на слабите точки кои создават можности за извршување на коруптивни дела.

За ефикасна борба против корупцијата подеднакво се важни политичката волја, нормативните решенија, институционалната рамка, ефикасна примена на законите, институционалниот и личниот капацитет и интегритет, како и соработката меѓу институциите во земјата.

## 1. АНТИКОРУПЦИСКИ АКТИВНОСТИ

Антикорупциските активности ќе бидат насочени кон унапредување на професионалноста на вработените преку доследно почитување на законската и подзаконска регулатива и санкционирање на сите форми на корупција во ЈУ Меѓуопштинскки центар за социјална работа на град Скопје.Имајќи го предвид наведеното, Годишниот план на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје за 2021 година посебно внимание ќе се посвети на:

- професионализација, департизација и деполитизација на вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје за 2021 година;
- јакнење на интегритетот на вработените;
- доследно почитување на законските и подзаконските акти, Кодекс за административни службеници, Кодекс за стручните лица во установите за социјална заштита;
- превенција од аспект на отстранување на условите кои овозможуваат корупција;
- репресијата како алатка за санкционирање на корупцијата и останатите злоупотреби на овластувањата;
- ќе се назначи лице од редот на административни службеници за контакт преку комуникациски пристап кое ќе има задача да ги координира сите информации кои Државна комисија за спречување на корупција ќе ги упатува до институциите и ќе помогне да се олесни соработка, размената на информации и начинот на комуницирање


Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
Ул. Никола Вапцаров бр.11 , Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3297-700
www.jumcsrskopje.gov.mk
jumcsrskopje@mtsp.gov .mk

меѓу институциите со цел нивно постапување или соработка на теми поврзани со превенцијата и борбата против корупција

- ќе се назначи овластено лице за прием на пријави доставени заради внатрешно пријавување по Законот за заштита на укажувачи и истото ќе објави јавно на веб страницата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје за 2021 година.

**ЦЕЛИ**

**Општа Цел** - Нулта корупција во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје има за цел да воспостави ефикасен систем на мерки кои ќе овозможат "нулта корупција" во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје и превенција од корупцијата со што би придонеле во исполнувањето на стратешките приоритети на Владата на РСМ.

**Специфични цели за 2021 година ќе бидат:**

1. Зајакнување на интегритетот на вработените и градење на култура на нетолерантност кон корупција во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје;
2. Доследна примена на законската регулатива во справувањето со корупцијата;
3. Доследно почитување на Кодекс на административните службеници, Кодекс за стручните лица во установите за социјална заштита;
4. Професионализација, департизација и деполитизација на вработените;
5. Отчетност и транспарентност во справувањето со корупцијата;
6. Зајакната меѓуинституционална соработка во борбата против корупцијата;
7. Зајакната контрола и надзор на јавни набавки;
8. Јакнење на капацитетите на вработените преку обука за доследна примена на законските одредби;
9. Зголемување на довербата на граѓаните во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје и мотивирање да пријават корупција.

**Индикатори кои ќе бидат основа при анализата на успешноста од реализацијата на планот:**

- Број на поднесени поплаки или преставки за коруптивно однесување од странки.

**II. ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ И ГРАДЕЊЕ НА КУЛТУРА НА НЕТОЛЕРАНТНОСТ КОН КОРУПЦИЈАТА ВО ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје**

Интегритетот во работењето на вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје претставува принцип на постојано однесување во согласност со етичките вредности. Истиот, може да се разгледува како интегритет на индивидуите и интегритет на институцијата. Интегритетот на вработените наложува нивното работење да биде со јасно дефинирани етички вредности како што се непристрасност, еднаквост, праведност, чесност и почитување на човековите права (начелото на законитост; начело на јавен интерес; начело на


Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
Ул. Никола Вапцаров бр.11, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3297-700
www.jumcsrskopje.gov.mk
jumcsrskopje@mtsp.gov .mk

еднаков третман и недискриминација; начело на доверливост, непристрасност; објективност; начело на одговорност; начело на пропорционалност; начело на превенција, начело на јавност во работењето, начело на социјална праведност).

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје како институција треба да го промовира интегритетот на сите нејзини нивоа. Вработениот со интегритет потребно е да претставува пример за своите колеги бидејќи тој/таа е клуч во борбата против корупцијата и заштитник на правата на корисниците на права и услуги од областа на социјалната заштита, социјалната сигурност на старите лица и заштита на правата и интересите на децата. Оттука, вработение потребно е свесто однесување да го усогласат со етичките вредности кои се утврдени во Кодексот на административните службеници и Кодекс за стручните лица во установите за социјална заштита. Вработениот со интегритет потребно е да поседува знаења и вештини, етички капацитет, решителност и професионалност преку почитување на законските норми, воспоставените правила и процедури. Ваквиот начин на постапување ќе биде во полза на јавниот интерес и ќе допринесе за зголемување на довербата на јавноста.

Индивидуалниот интегритет на вработениот го одразува интегритетот на установата. Оттука од голема важност е интегритетот на раководниот кадар кој преку воспоставување на високи професионални вредности ќе овозможи доследно почитување на правилата и прописите при постапување на вработените.

Неопходно е во периодот кој претстои да се работи на јакнење на интегритетот на вработените на сите нивоа преку обуки од областа на интегритет во нивното работење.

Со оглед на периодот на носење на планот за спречување на корупција, необезбедени финансиски средства за тековната 2021 година за обуки од областа за јакнење на интегритетот на вработените, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје во буџетот за 2022 година ќе бара да се предвидат средства за обуки од областа на јакнење на интегритет на вработените.

## 1.2 ПРИМЕНА НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ВО СПРАВУВАЊЕТО СО КОРУПЦИЈАТА

Вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје при извршување на работните задачи не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус да предизвикаат судир на интереси. Потребно е да се водат од принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионалност.

Корупцијата и судирот на интереси се меѓусебно поврзани, но не смее да се заборави фактот дека сите случаи на судир на интереси не се и корупција.

Врз основа на напред наведеното потребна е внимателна анализа на ризиците и ситуациите кои може да доведат до потенцијален судир на интереси и корупција при спроведување на надлежностите за што е потребно навремено превземање на мерки за отстранување на можноста за судир на интереси и корупција.

Под **„судир на интереси“** се подразбира состојба во која вработениот има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите службени должности. Состојба на судир на интереси е потенцијален ризик што доколку соодветно не се управува

често претставува вистински влез во корупцијата.

Со цел да се избегне судир на интересите сите вработени лица во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје се должни:

- во вршењето на својата функција да внимаваат на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смеет да се раководат од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице,
- вработениот не смее да ја користи својата положба вршејќи влијание врз друго лице во државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице, за тоа да донесе или не донесе определена одлука, да стори нешто, да пропушти или да трпи, заради остварување корист,
- вработениот кој учествува во јавна набавка не смее да да врши незаконско влијание во постапка за јавна набавка,
- вработениот не смее да има директен судир помеѓу тековните обврски и одговорности со неговите постојни приватни интереси.

Правните акти што се резултат на корупција или судир на интереси или се донесени, односно склучени заради корупција, односно во состојба на судир на интереси се ништовни.

Вработениот во своето работење, е должен да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, вработениот е должен да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата.

Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со закон.

Неопходно е доследно почитување на Законот за социјалната заштита, Закон за социјална сигурност на старите лица, Закон за заштита на децата, Закон за правда на деца, Закон за семејство, Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство и сите останати закони по кои постапуваат вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.

## 12.1 ФАКТОРИ НА РИЗИК ВО ИНСПЕКЦИСКАТА ПОСТАПКА

**Човечки фактори од ризикот од корупција**

| |
|---|
| ➢ Недостаток на интегритет кај вработените |
| ➢ Изложеност на политички влијанија, изложеност на притисоци од влијателни структури работодавачи, директори, претставници од извршната власт ) |
| ➢ Непочитување на законските начелата и нормите од кодекс на стручните лица во установите з: социјална заштита и кодекс на административните службеници |

- Неажурно распоредување на предметите за постапување и прикривање и непостапување по дојави и претставки

## 1.3. ПОЧИТУВАЊЕ НА КОДЕКС за стручните лица во установите за социјална заштита и КОДЕКСОТ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

При извршувањето на работните задачи вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје потребно е да одржуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес и да се придржуваат до актите кои ги уредуваат овие стандарди.

Потребно е да обезбедуваат непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи, при што на граѓаните ќе им овозможат заштита и остварување на правата, а тоа да не биде на штета на други граѓани и правни лица, ниту во спротивност со јавниот интерес.

Работните задачи потребно е да се вршат политички непристрасно, без влијание на личните политички уверувања, финансиски интереси, со доследно почитување на целите, угледот и интегритетот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.

Секој вработен потребно е да има висок степен на познавање на двата кодекси каде е утврдено дека стручните лица и административните службеници не смеат да се поставаат во материјална или друга зависност од други лица или органи, не смеат да ја користат својата положба со цел стекнување лична корист, а имаат обврска да се спротивставуваат на сите форми на корупција во рамките на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.

Кодексите се пропишани заради почитување и примена на етичките стандарди и правила на однесување на вработените во јавната администрација. Поттикнувањето на доброто постапување и однесување на вработените ќе ја зајакне довербата на граѓаните во работата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.

Вработените своите работни задачи да ги извршуваат посветено и професионално врз основа на компетенции, правила и процедури од службата, при тоа работејќи непсистрасно, обезбедувајќи еднакви стандарди при испорачување на услугите.

Вработените при вршење на своите приватни работи да не го користат статусот на вработен во јавна администрација заради остварување на лична корист и злоупотреба на службена должност.

Со цел подигнување на довербата на граѓаните како и транспарентност и отчетност на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје секој вработен е должен да обезбеди соодветни, навремени и целосни информации во делокругот на своето работење, при тоа почитувајќи го правото на приватност и заштита на личните податоци.

Вработените во јавните настапи во кои ја претставуваат институцијата изнесуваат исклучиво официјални ставови во согласност со прописите и законите, додека во јавни настапи во кои не ја преставуваат институцијата не смеат да изнесуваат податоци од делокругот на својата работа и работното место, со што би се нарушил угледот, довербата и политичката непристрасноста кон граѓаните.


Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
Ул. Никола Вапцаров бр.11 , Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3297-700
www.jumcsrskopje.gov.mk
jumcsrskopje@mtsp.gov .mk

За таа цел потребен е системски пристап кој ќе овозможи овие Кодекси на етика да бидат разбрани, прифатени и имплементиран од сите вработени во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.

## 1.4. ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА, ДЕПАРТИЗАЦИЈА И ДЕПОЛИТИЗАЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје како институција има обврска да им служи на граѓаните, а не на политичките партии. Во ниту еден момент не смее да се заборави дека ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје треба да биде институција која ќе биде почитувана од граѓаните без разлика на нивната политичка определба.

Секој вработен во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје има одговорност да го слуша и почитува гласот на граѓаните и да практикува професионален и достоинствен однос кон нив. Обврска на вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје е да го санкционираат секое коруптивно однесување, без разлика кој е сторителот и каков вид функција извршува.

Во борбата против корупцијата нема и не смее да има привилегирани поединци и групи. Секој кој преку корупција, за лични или партиски цели, работи спротивно на интересите на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје и граѓаните, ќе мора да се соочи со одговорност.

Стратешки приоритет на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје е изнаоѓање на рационални и остварливи решенија за департизација и деполитизација на вработените. Департизацијата треба да овозможи постигнување на висок степен на професионалност и ефективност кој ќе се оценува преку постигнатите резултати, начелата на еднакви можности и соодветна и правична застапеност.

Преку почитување на начелото на законитост и непристрасност со праведен и неселективен пристап при вработувањето, како и примена на принципите на стручност и објективност при унапредувањето и наградувањето на вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје ќе се изгради установа ослободена од партиски спреги и целосно посветена на потребите на граѓаните.

Не смее да се дозволи отстапување од пропишаните законските процедури од формален или материјален аспект бидејќи неопходно е да се елиминираат сите сомнежи и можности за постоење на корупција.

Посебно внимание ќе се посвети на професионализацијата на високите раководни позиции и јасно разграничување на политичкото и професионалното ниво.

Тековната 2021 година ќе биде година на нулта толеранција кон корупцијата за ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје затоа што тоа им го должи на граѓаните за чија доверба се стреми. Поддршката од граѓаните е најважна за остварување на оваа цел бидејќи од нив се очекува да ја пријават секоја злоупотреба и секој вид на корупција, ослободени од какви било стравувања и без какви било последици.


Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
Ул. Никола Вапцаров бр.11 , Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3297-700
www.jumcsrskopje.gov.mk
jumcsrskopje@mtsp.gov .mk

## 1.4.1 СИСТЕМ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје

Имплементацијата на системот на унапредување на постапките при вработување и унапредување на вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, подразбира доследно почитување на процедурите утврдени во Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и Законот за социјалната заштита, како и подзаконските акти од тој домен, каде јасно е дефинирана постапката за вработување, распоредување и унапредување на вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, а во согласност со Правилникот за систематизација на работните места.

Постапката за вработување детално е дефинирана во Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административни службеници, а постапката за вработување детално е уредена со Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас.

Потребно е да се надгради и стриктно да се применува јасен и транспарентен систем за вработување и унапредување базиран на заслуги, чесност, отвореност, способност и постигнати резултати.

Вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје ќе се унапредуваат согласно професионалните квалитети и квалификации, работните способности, завршените обуки и начинот на извршување на работните обврски, независно од полот, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествената положба.

При спроведување на постапката за селекција и избор на кандидат за унапредување на работно место ќе се земаат предвид сите податоци од персоналните досиеја на кандидатите со цел да бидат селектирани професионалци согласно Актот за систематизација на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.

Унапредувањето ќе биде во корелација со оценувањето на вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје кое треба да биде објективно, да се базира врз основа на месечните извештаи за извршени работни задачи и врз основа на постојано следење на учинокот, истото да биде стручно, непристрасно и без влијанија и притисоци со цел да го отслика придонесот, ефикасноста, квалитетот и стручноста на работникот во остварување на работните задачи.

## 1.5 ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО СПРАВУВАЊЕТО СО КОРУПЦИЈАТА

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје јасно ја декларира намерата да се позиционира како транспарентна институција во државата и да биде пред се и над се,

сервис и услуга отворена и достапна за граѓаните и подготвено да одговори на сите прашања и да се справи со критиките на јавноста.

Транспарентноста за работата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје треба да се однесува за сите прашања од делокруг на надлежностите на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, која подразбира дека на јавноста и треба да и се лесно достапни законите, информациите за донесените одлуки и активности на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, со цел остварување на правата и услугите од областа на социјалната заштита.

Граѓанските организации мора да учествуваат во борбата против корупцијата, да бараат отчетност, транспарентност, но и вклучување во донесувањето на одлуките, како и да ја искористат врската со граѓаните при адресирање на проблемите од областа на корупцијата.

Целта на отчетноста е да се спречи злоупотребата на службената положба, да се унапреди интегритетот на вработените и да се зголеми довербата на граѓаните во професионалноста и ефикасноста на вработените.

Поаѓајќи од обврската јавноста да биде информирана за работи и настани од јавен интерес потребно е креирање на работно место за односи со јавноста како лице надлежно за отчетност и транспарентност во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје преку разни комуникациски форми да овозможува пристап до информации за сите претставници од медиумите и други заинтересирани страни водејќи се од начелото на непристрасност, транспарентност, отчетност и недискриминација по било кој основ.

На веб страната на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје и понатаму ќе се продолжи со практиката да се објавуваат информации, извештаи, изводоци од дневните настани кои се поврзани со работата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.

## 1.6 СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНКА ЗА РИЗИК ОД ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

Секој аспект од работењето на вработените може да биде подложен на корупитивно однесување. Проценката на ризикот од корупција ќе овозможи воспоставување на систем за превенција на корупција базиран на докази и ќе овозможи со ефикасно користење на расположивите ресурси да се постигне остварување на резултати во борбата против корупцијата.

Потребно е континуирано да се идентификуваат категории на работни места со најголем ризик од корупција. Од тие причини, потребно е раководителите на секоја организациона единица да вршат проценка на ризикот од корупција на секое работно место, од причини што некои работни места се поподложни на корупција од останатите и да се обезбеди негова успешна имплементација.

Во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје како ризични точки од аспект на можна корупција во системот на работење на службите/одделите и работни места кои се поподложни на корупција ги посочуваме:


Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
Ул. Никола Вапцаров бр.11 , Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3297-700
www.jumcsrskopje.gov.mk
jumcsrskopje@mtsp.gov .mk

- можности за корупција при исполнување на надлежноста на одделите/службите, а се поврзани со комуникација со странки, изведувачи и правни лица преку кои се вршат одредени набавки за потребите на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје,
- во текот на изработката на барање за доделување на договор за јавна набавка, критериумите за доделување на договор за јавна набавка може да бидат прилагодени на одреден понудувач како и да се изготвуваат технички спецификации кои упатуваат на конкретен производ или производител,
- некомплетни и нецелосно пополнети барања за доделување на договор за јавна набавка со потребните податоци од страна на подносителите на барањата, доставени до Службата за административни и помошно-технички работи,
- предвидување на услови за способност кои е потребно да ги исполнат економските оператори кои се дискриминирачки, предизвикуваат нееднаков третман на економските оператори и ја нарушуваат конкуренцијата во текот на спроведувањето на постапката за јавна набавка,
- недоречени законски одредби што се однесуваат на постапките при вработување на веќе донесените Закон за административни службеници, Закон за вработените во јавниот сектор и Закон за работни односи и потпишаните колективни договори каде не постојат критериуми за бодување при интервју на кандидатите,
- ризик од протекување на информации и злоупотреба на службената положба,
- недоволна транспарентност при реализација на финансиските средства,
- непочитување на законските и подзаконските норми, интерни акти и правилници за работа од страна на вработените,
- присуство на политички влијанија, злоупотреби на службените влијанија и непотизам,
- примање подароци и остварување друга корист,
- незаконски процес на планирање и реализација на процедура за вработување,
- непрофесионално и неетичко однесување при извршување на надлежностите,
- несовесно чување на податоци и документи,
- ненавремено постапување по однос на барања од областа на социјална и детска заштита.

## 1.7 ЗАЈАКНАТА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Корупцијата како константна закана за стабилноста на државата потребно е во континуитет да се пресретнува и совладува со сите законски и институционални алатки како на превентивен така и на репресивен план.
Во таа насока потребно е јакнење на капацитетите на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје за борба против корупцијата и развивање на соработката со Државната комисија за спречување на корупција, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и други релевантни институции. Борбата против корупцијата бара постојан ангажман на сите релевантни тела во земјата кои постапуваат согласно нивните законски утврдени надлежности.


Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
Ул. Никола Вапцаров бр.11 , Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3297-700
www.jumcsrskopje.gov.mk
jumcsrskopje@mtsp.gov .mk

Оттука, меѓуинституционалната соработка на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје ќе биде водечка сила во борбата против корупцијата.

## 1.8. ЗАЈАКНАТА КОНТРОЛА И НАДЗОР НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје како буџетски корисник ќе работи на зголемување на транспарентноста и отчетноста во менаџирањето со финансиските ресурси. Посебно внимание ќе посвети на анализата на недореченостите и пропустите во процесот на јавните набавки.

Сузбивањето и спречувањето на корупцијата во јавните набавки подразбира ефикасност во управувањето со финансиските ресурси на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.

Јавните набавки се една од клучните области кои во континуитет се предмет на критика и претставуваат една од најкритичните економски активности во однос на ризиците од корупција. Затоа, во областа на јавните набавки неопходно е постојано да се работи на воведување, примена и подигнување на превентивни политики, процедури и стандарди во борбата против корупцијата.

Од особено значење е да се почитуваат основните принципи на јавните набавки како што се принципот на:

*еднаков третман и недискриминација што значи забрана за фаворизирање на одредени субјекти;

*транспарентност која обезбедува конкуренција и интегритет во јавните набавки;

*рационално и ефикасно искористување на средствата кое подразбира да се добие најдобра вредност за потрошените пари.

Оттука неопходно е доследно почитување на законската рамка за јавни набавки и усогласување на законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа проблематика. Потребна е зајакната контрола и надзорот над спроведувањето на договорите за јавни набавки со зголемување на бројот на работни места и вработување на поголем број на вработени кои ќе работат на спроведување и контрола на јавните набавки.

Исто така, неопходно е следење на спроведувањето на правилата за транспарентност, правото на пристап до информации и спречување на судир на интереси, како и систематска проценка на ризикот и поставување приоритети во надзорот на јавните набавки.

Мерки кои се предвидуваат за заштита и борба против корупцијата при спроведувањето на јавните набавки се:

- соодветно планирање и реализација на буџетот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје,
- соодветно планирање на јавните набавки,
- економично, ефикасно и ефективно користење на средствата наменети за спроведување постапки за доделување на договори за јавна набавка,
- транспарентно трошење на средства предвидени за реализација на јавните набавки,
- контрола на јавните набавки,

- почитување на законските прописи и пропишаната интерна процедура за јавни набавки,

- спречување на влијание врз лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации и ја изработуваат тендерската документација,

- обука и стручно советување и усовршување на сите лица вклучени во процесот на јавна набавка,

- спречување на влијание врз Комисијата за јавни набавки.

Соодветно планирање и реализација на буџетот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје опфаќа планирање на буџетот согласно реалните потреби на установата и транспарентност на трошењето на средствата предвидени во финансискиот план. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје врз основа на своите потреби изготвува финансиски план по програми и ставки и истата ја доставува до Министерството за труд и социјална политика. Надлежното министерство доставува Решение за распределба и реализација на буџетот за тековната година за потребите на установата каде средствата се распределуваат според бројот на вработени, бројот на корисници и во зависност од специфичните потреби и дејности на установата.

Соодветното планирање на јавни набавки вклучува планирање и управување со финансиските средства наменети за спроведување на постапките за јавни набавки. Планирањето на јавните набавки опфаќа доставување на барања/предлози за потребите на јавни набавки од страна на сите организациони единици кои имаат потреба од конкретна јавна набавка. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје согласно потребите на установата вклучувајќи ги сите организациони единици вклучувајќи ги и нивните потреби ги планира јавните и за истите донесува предлог план за јавни набавки кој заедно со барањата согласност за обезбедување на финансиски средства ги доставува до Министерството за труд и социјална политика. Врз основа на добиените согласности за обезбедени финансиски средства за стоки, услуги и работи се планираат јавните набавки.

Економично, ефикасно и ефективно користење на средствата наменети за спроведување постапки за доделување на договори за јавни набавки опфаќа проценување на договорот за јавна набавка врз основа на обезбедените согласности за финансиски средства.

Транспарентно трошење на средствата предвидени за реализација на јавните набавки опфаќа рационално планирање на трошењето на обезбедените финансиски средства.

Контролата во јавните набавки опфаќа превземање на активности во делот на доставување на барањето согласност за обезбедување на финансиски средства, обезбедување на финансиски средства, планирање на потребите врз основа на обезбедените финансиски средства, процесот на спроведување на постапката за јавна набавка и реализацијата на договорот за јавна набавка. Од голема важност е во сите фази да се знае кој е одговорен за кое дејствие, односно јасно да се определи одговорноста на индивидуално ниво. Само ефикасно воспоставени механизми ќе обезбедат одговорно однесување од страна на сите кои се вклучени во постапката за доделување на договор за јавна набавка и извршување и реализација на договорот за јавна набавка. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје спроведува синхронизирана контрола во делот на спроведувањето на постапките за јавна набавка и извршувањето и реализацијата на договорот за јавна набавка во


Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
Ул. Никола Вапцаров бр.11 , Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3297-700
www.jumcsrskopje.gov.mk
jumcsrskopje@mtsp.gov .mk

координација со надлежното министерство во делот на обезбедување на финансиските средства и следење на реализацијата и извршувањето на договорот преку доставување на извештаи.

Почитување на законските прописи и пропишаните интерни процедури опфаќа превземање на активности од страна на сите одговорни лица вклучено во процесот на спроведувањето на постапката за јавна набавка и реализацијата и извршувањето на договорот се со цел да се спречат ризичните точки во делот на корупцијата.

Спречување на влијание врз лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации и ја изработуваат тендерската документација преку поголема транспарентност при изработката на техничките спецификации и тендерската документација која опфаќа претходна проверка на пазарот и спроведување на технички дијалог таму каде што е потребно и пријавување на обид за влијание врз лицата кои ги изработуваат техничките спецификации и тендерската документација до одговорното или овластеното лице.

Обука и стручно советување и усовршување на сите лица вклучени во процесот на јавна набавка опфаќа креирање и спроведување на обука за примена на стандардите при изготвување на техничките спецификации и критериумите за утврдување на способност при изготвување на тендерската документација, процесот на спроведување на постапката за јавна набавка и извршувањето и реализацијата на договорот за јавна набавка.

Спречување на влијание врз Комисијата за јавни набавки опфаќа превземање на мерки и активности за заштита од влијание врз Комисијата за јавни набавки, како и пријавување на обид за влијание врз членовите на Комисијата за јавни набавки, потпишување на изјави за судир на интереси од страна на Комисијата за јавни набавки и постапување на членовите на Комисијата за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки.

Сите вработени вклучени во процесот на јавни набавки треба да се подеднакво посветени во спречувањето на корупцијата и на судирот на интереси се со цел да се олесни навремено откривање на случаи на корупција и правилно решавање. Борбата против корупцијата се постигнува преку воспоставување на механизми и обезбедување и подршка во следење на активностите, спроведување на мерки кои имаат за цел спечување на корупција, едукација на вработените и спроведување на активности за подигнување на свеста за пријавување на корупција кај вработените и кај засегнатите страни вклучени во јавните набавки, земајќи ја во предвид нивната улога во спречување и броба против корупцијата.

Договорните органи се должни да ги превземат сите потребни мерки во процесот на планирање, спроведување и реализирање на договорите за јавни набавки се со цел навремено откривање на корупцијата и отстранување или намалување на штетните последици од корупцијата.

Со цел елиминирање на било какво коруптивно однесување во процесот на јавните набавки, од страна на сите вработени треба доследно да се почитува интерната процедура за јавни набавки на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, донесена од страна на директорот. Со почитување на процедурата и покажување на висок степен на транспарентност на процесот на јавни набавки, ќе се елиминираат сите влијанија и можности за било какво коруптивно однесување. За непочитувањето на процедурата ќе сноси одговорност секој вработен и одговорното лице во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална


Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
Ул. Никола Вапцаров бр.11 , Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3297-700
www.jumcsrskopje.gov.mk
jumcsrskopje@mtsp.gov .mk

работа на град Скопје.

### 1.9 КОНТИНУИРАНА И СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА ДОСЛЕДНА ПРИМЕНА НА ЗАКОНСКИТЕ ОДРЕДБИ

Способноста и стручноста на вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје го одредува капацитетот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје за справување со корупцијата со посебен акцент на елиминирање на причините што ја генерираат нејзината појава.
Вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје потребно е да ги исполнуваат високите барања поврзани со образованието, квалификациите, угледот, личните и професионалните компетенции.
Од овие причини и понатаму ќе се продолжи со континуирана и специјализирана обука на вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје за работните места на кои се распоредени со цел успешно извршување на работните задачи во насока на обезбедување зголемена ефикасност во работењето.
Обуките ќе се спроведуваат континуирано за сите вработени во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, односно професионалното и стручно усовршување на вработените ќе биде постојана активност, со цел специјализиарање на областа за борба против корупција како и зајакнување на интегритетот на вработените.
Сите вработени се должни стручно да се оспособуваат за работата што ја извршуваат на своето работно место, за стекнување на вештини и знаења низ организирани програми. Усовршувањето на вработените преку континуирана обука е постојана активност.
Вработените распоредени на работни места за управување со човечки ресурси се задолжени за изготвување на Годишните програми за обука на вработените ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје и во иднина ќе имаат обврска во годишните програми да планираат и соодветни обуки од областа на антикорупција со посебен акцент на службите кои се најподложни на корупција и коруптивно однесување.
На овој начин ќе се овозможи стекнување на знаења и способност за препознавање на злоупотребите и ќе се обезбедат соодветни техники за отпорност кон корупција.
Во реализирање на овие активности значајна е улогата на раководителите кои преку личен пример ќе наметнат вредности кои ќе влијаат на намалување на корупцијата.

### 1.10 ЈАКНЕЊЕ НА ДОВЕРБАТА НА ГРАЃАНИТЕ И МОТИВИРАЊЕ ДА ПРИЈАВАТ КОРУПЦИЈА

Сузбивањето на корупцијата е долготраен процес кој бара упорност, професионален однос и меѓусебна соработка на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје со граѓаните.
Нивото на поддршка која вработените ќе ја добијат од граѓаните зависи од степенот на нивната меѓусебна доверба, кој пак ќе зависи од ефективноста на спроведување и извршување на своите должности, професионално, правично и чесно.


Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
Ул. Никола Вапцаров бр.11 , Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3297-700
www.jumcsrskopje.gov.mk
jumcsrskopje@mtsp.gov .mk

Граѓаните од институцијата која има обврска да го спроведува законот очекуваат да биде прва во почитување на истиот. Ваквиот меѓусебен однос ќе доведе до зголемена доверба помеѓу граѓаните и вработените во установата што само по себе ќе резултира со зголемена ефикасност во постапувањето на вработените.
Корупцијата негативно влијае на довербата на јавноста во јавната администрација. Оттука е неопходна зголемена транспарентност на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје во однос на преземените мерки за откривање и санкционирање на сите форми на корупција и јасно декларирани пораки дека инспекторите имаат сериозен и сеопфатен пристап во борбата со корупцијата.
ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје ќе работи на унапредување на соработката со невладиниот сектор и здруженијата на граѓани во насока на подигнување на свеста кај граѓаните дека корупција во јавната администрација е неприфатлива и најефективен начин за нејзино сузбивање е пријавување на сторителите.

## 2. АКТИВНОСТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН

Врз основ на извршената анализа и идентификуваните фактори на ризик при спроведување на надлежностите, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје ги предлага следните **активности** за намалување или елиминирање на ризик од коруптивни појави при спроведување на надлежностите.

- Да се воспостави систем за уредна, навремена и неселективна поделба на предметите,
- Да се воспостави систем на контрола врз основа на кој директорот и раководителите ќе можат да имаат увид во секоја фаза од постапувањето на вработените, согласно начелото на отчетност,
- Стручната работа на стручните лица да се реализира по можност со присуство на стручен тим,
- Засилена контрола и проверка за користењето на службените возила исклучиво за службените потреби,
- Изработка на план на соодветни обуки од областа на антикорупција во годишниот план за работа на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, со посебен акцент на службите кој се најподложни на коруптивно однесување за 2022 година,
- Изработка на анализа на јавните набавки од претходната финансиска година со извештај за причините за нереализација и препораки за идните јавни набавки, со цел контрола над спроведувањето на јавните набавки,
- Објавување на web страната на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје на планот за јавни набавки,
- Објавување на линковите од објавите на ЕСЈН на огласите за јавни набавки и тендерски документации; известувањата за склучен договор и за реализација на договорите како и самите договори за јавни набавки; споделување со јавноста на: годишниот буџет, извештаите за реализација на буџетите и завршните сметки,
- ќе се назначи лице од редот на административни службеници за контакт преку


Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
Ул. Никола Вапцаров бр.11, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3297-700
www.jumcsrskopje.gov.mk
jumcsrskopje@mtsp.gov.mk

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ГРАД СКОПЈЕ -

комуникациски пристап кое ќе има задача да ги координира сите информации кои Државна комисија за спречување на корупција ќе ги упатува до институциите и ќе помогне да се олесни соработка, размената на информации и начинот на комуницирање меѓу институциите со цел нивно постапување или соработка на теми поврзани со превенцијата и борбата против корупција,

- ќе се назначи овластено лице за прием на пријави доставени заради внатрешно пријавување по Законот за заштита на укажувачи и истото ќе објави јавно на веб страницата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.

Акцискиот план и неговото спроведување е почеток на едно ново поглавје во кое јасно се дефинирани надлежните организациски единици и нивните задачи со кои би се остварила заедничката цел - сведување на корупцијата на најниско ниво.

Директорот е надлежен да ја следи реализацијата на годишниот план и активностите утврдени во истиот врз основа на месечните извештаи од одговорните лица/служби за секоја активност во Планот.

Сите погоре наведени активности во координација со организациските единици и имеплементација ќе допринесат за ефикасно справување со корупција како општествена негативна појава.

Директор
Наташа Станојевиќ



Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
Ул. Никола Вапцаров бр.11 , Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3297-700
www.jumcsrskopje.gov.mk
jumcsrskopje@mtsp.gov .mk